РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1287/17
19-09-2018 201_ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06,бр.150/10, 100/2011,бр.20/2015, бр.61/2015, бр.197/17 и бр.83/18) и член 23 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/08 и 124/10), а во врска со член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 18.09.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМИТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработувањето на личните податоци од страна на Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст:Советот).

## Член 2

Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување, се уништуваат согласно Законот за архивска граѓа, од комисија определена од страна на претседателот на Советот. Документите од став 1 на овој член , се уништуваат со уред за ситнење(шредер) или на друг начин при што истите повторно да не можат да бидат употребливи.

За уништувањето на документите од став 1 на овој член комисијата составува записник кој го доставува до претседателот на Советот и истиот содржи податоци за целосна идентификација на документите, како и за категориите на лични податоци содржани во истите.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништувањето на копиите или умножените документи.

## Член 3

По пренесување на личните податоци од медиумот или по истекот на определниот рок за чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови, при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што се оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член комисијата составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**